# INTOSAI-P 20

## Принципи на транспарентност и отчетност

Принципите на INTOSAI се издаваат од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции, INTOSAI, како дел од Рамката за професионални објави на INTOSAI. За повеќе информации посетете ја www.issai.org

INTOSAI

INTOSAI

INTOSAI, 2019 година

1) Познат како ISSAI 20
2) Усвоен во 2013 година
3) Со воспоставување на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), преименуван во INTOSAI-P 20, со уреднички измени во 2019 година

ISSAI P-20 е достапен на сите официјални јазици на INTOSAI: арапски, англиски, француски, германски и шпански

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** **4**

НАМЕНА И ЦЕЛИ 4

КОНЦЕПТИ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕТНОСТ 5

**ПРИНЦИПИ** **6**

ПРИНЦИП 1 6

ПРИНЦИП 2 6

ПРИНЦИП 3 7

ПРИНЦИП 4 8

ПРИНЦИП 5 8

ПРИНЦИП 6 8

ПРИНЦИП 7 9

ПРИНЦИП 8 10

ПРИНЦИП 9 11

# 1

# ВОВЕД

## НАМЕНА И ЦЕЛИ

Намената на овој документ е унапредување на принципите на транспарентност и отчетност на ВРИ, со цел да се овозможи ВРИ да бидат пример за добро управување и добра пракса. ВРИ се дел од целокупниот правен и уставен систем во рамките на нивните држави и се одговорни пред различни страни, вклучувајќи ги законодавните тела и јавноста. ВРИ, исто така, се одговорни за планирање и спроведување на опфатот на нивната работа, како и за користење на соодветни методологии и стандарди, со цел да се осигури дека тие промовираат отчетност и транспарентност на јавните дејности и ги исполнуваат своите законски обврски и одговорности на целосен и објективен начин.

Главен предизвик со кој се соочуваат сите ВРИ е да се промовира подобро разбирање на нивните различни улоги и задачи во општеството меѓу јавноста и администрацијата. Во согласност со нивните мандати и применливите законски рамки, информациите за ВРИ треба секогаш да бидат достапни и релевантни. Нивните работни процеси, активности и производи треба да бидат транспарентни. Тие, исто така, треба да комуницираат отворено со медиумите и другите засегнати страни и да бидат видливи за јавноста.

Овој документ е составен дел на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP), а целта е овие принципи да се користат заедно со тие објави.

ВРИ функционираат согласно различни законски надлежности и модели. Овие принципи може да не се подеднакво применливи за сите ВРИ, меѓутоа намерата е да се насочат ВРИ кон заедничката цел за транспарентност и отчетност.

# КОНЦЕПТИ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕТНОСТ

Владеењето на правото и демократијата се клучни основи за независна и отчетна државна ревизија и претставуваат столбови врз кои се темели Декларацијата од Лима. Независноста, отчетноста и транспарентноста на ВРИ се основни предуслови во демократија заснована на владеењето на правото и овозможуваат ВРИ да претставува пример за другите и да го зајакне својот кредибилитет.

Отчетноста и транспарентноста се два важни елементи на доброто управување. Транспарентноста е моќна сила која, кога се применува постојано, може да помогне во борбата против корупцијата, да го подобри управувањето и да промовира отчетност.

Отчетноста и транспарентноста не можат лесно да се одделат: обете вклучуваат голем број исти мерки, на пример, јавно известување.

Концептот на *отчетност* се однесува на правната рамка и рамката за известување, организациската структура, стратегијата, процедурите и мерките со кои се осигурува дека:

- ВРИ ги исполнуваат своите законски обврски во однос на ревизорските надлежности и задолжителното известување во рамките на нивниот буџет.
- ВРИ го оценуваат и следат сопственото работење, како и влијанието на нивната ревизија.
- ВРИ известуваат за регуларноста и ефикасноста на користењето на јавните средства, вклучително сопствените мерки и активности и употребата на ресурсите на ВРИ.
- Раководителот на ВРИ, членовите (кај колегијалните институции) и вработените во ВРИ може да бидат одговорни за нивните постапки.

Поимот *транспарентност* се однесува на навремено, доверливо, јасно и релевантно известување на јавноста од страна на ВРИ за нивниот статус, законска надлежност, стратегија, активности, финансиско управување, работење и учинок. Транспарентноста ја вклучува и обврската за јавно известување за наодите и заклучоците од ревизијата, како и пристапот на јавноста до информациите за ВРИ.

# 2

# ПРИНЦИПИ

## ПРИНЦИП 1

**ВРИ ги извршуваат своите должности во согласност со законска рамка која обезбедува отчетност и транспарентност.**

- ВРИ треба да имаат водечки закони и прописи во однос на кои тие ќе бидат одговорни и отчетни.
- Таквите закони и прописи генерално го опфаќаат (1) органот за ревизија, надлежностите и одговорностите, (2) условите за именување и разрешување на раководителите на ВРИ и членовите кај колегијалните институции, (3) барањата за управување со работата и финансиите на ВРИ, (4) навременото објавување на ревизорските извештаи, (5) надзорот над работењето на ВРИ и (6) рамнотежата меѓу јавниот пристап до информациите и доверливоста на ревизорските докази и други информации со кои располага ВРИ.

## ПРИНЦИП 2

**ВРИ го објавуваат јавно својот мандат, одговорностите, мисијата и стратегијата**

1. ВРИ ги даваат на увид на јавноста својот мандат, мисија, организација, стратегија и односи со различни засегнати страни, вклучително и законодавните тела и извршната власт.
2. Условите за именување, повторно именување, пензионирање и

разрешување на раководителите на ВРИ и членовите кај колегијалните институции јавно се објавуваат.

3. ВРИ се охрабруваат да ги објават основните информации за својот мандат, одговорности, мисија, стратегија и активности на еден од официјалните јазици на INTOSAI, покрај јазиците на своите држави.

## ПРИНЦИП 3

**ВРИ усвојуваат ревизорски стандарди, процеси и методи кои се објективни и транспарентни.**

- ВРИ усвојуваат стандарди и методологии што се во согласност со ISSAI 100 Основни принципи на ревизијата на јавниот сектор.
- ВРИ информираат кои се тие стандарди и методологии и како се усогласени со истите.
- ВРИ информираат за обемот на ревизорските активности кои ги преземаат во согласност со својот мандат, врз основа на проценка на ризик и процес на планирање.
- ВРИ комуницираат со субјектите на ревизија за критериумите кои се основа за формирање мислење.
- ВРИ ги информираат субјектите на ревизија за ревизорските цели, методологија и наоди.
- Ревизорските наоди на ВРИ се предмет на коментари/ забелешки, а за препораките се дискутира и се добиваат одговори од субјектот на ревизија.
- ВРИ имаат ефективни методи за следење (follow-up) и известуваат за своите препораки за да се осигури дека субјектите на ревизија соодветно ги реализираат нивните забелешки и препораки, како и оние дадени од страна на законодавната власт (INTOSAI-P 10 Декларацијата од Мексико за независност, принцип 7).
- Постапките на ВРИ за следење на реализацијата на препораките, овозможуваат субјектот на ревизија да достави информации за преземените корективни мерки или зошто не се преземени корективни мерки.

- ВРИ треба да воведат соодветен систем за осигурување на квалитетот на ревизорските активности и известување, а тој систем да подлежи на периодично независно оценување.

## ПРИНЦИП 4

**ВРИ применуваат високи стандарди на интегритет и етика за вработените на сите нивоа**

- ВРИ имаат етички правила или кодекс, политики и практики, кои се усогласени со ISSAI 130 Кодекс на етика.
- ВРИ спречуваат внатрешен судир на интереси и корупција и осигуруваат транспарентност и законитост на нивното работење.
- ВРИ активно промовираат етичко однесување во целата организација.
- Етичките барања и обврски на ревизорите, судиите (во судскиот модел), државните службеници и други лица се објавуваат јавно.

## ПРИНЦИП 5

**ВРИ се осигуруваат дека принципите на отчетност и транспарентност не се компромитирани кога ангажираат надворешни субјекти за извршување на нивните активности.**

- ВРИ треба да се осигурат дека договорите со кои се ангажираат надворешни субјекти не ги загрозуваат овие принципи на отчетност и транспарентност.
- Ангажирањето надворешни субјекти, јавни или приватни, за извршување стручни и ревизорски активности, е одговорност на ВРИ и за истите се применуваат етички политики (особено судир на интереси) и политики за осигурување интегритет и независност.

# ПРИНЦИП 6

**ВРИ управуваат со своите активности економично, ефикасно, ефективно и во согласност со законите и прописите и известува јавно за тие прашања.**

- ВРИ користат добра пракса за управување, вклучително и соодветни внатрешни контроли на своето финансиско управување и работење. Ова може да вклучува внатрешна ревизија и други мерки.
- Финансиските извештаи на ВРИ се јавно достапни и подлежат на независна надворешна ревизија или собраниска проверка.
- ВРИ го проценуваат своето работење и учинок и известуваат за истото во сите области - финансиска ревизија, ревизија на усогласеност, судски активности (ВРИ кои се конституирани како судови), ревизија на успешност, евалуација на програми и заклучоци во врска со владини активности.
- ВРИ ги одржуваат и развиваат вештините и компетенциите потребни за извршување на работата со цел да ја постигнат својата мисија и да ги исполнат своите одговорности.
- ВРИ јавно објавуваат колкав е нивниот вкупен буџет и известуваат за потеклото на нивните финансиски ресурси (парламентарни апропријации, генерален буџет, Министерство за финансии, агенции, такси) и како се користат тие ресурси.
- ВРИ ја проценуваат ефикасноста и ефективноста на користењето на нивните средства и известуваат за истото.
- ВРИ, исто така, можат да користат ревизорски комитети, составени од независни членови, за проверка и придонес на нивното финансиско управување и процесите на известување.
- ВРИ можат да користат индикатори за проценка на вредноста на ревизорската работа за парламентот, граѓаните и други учесници.
- ВРИ ја следат нивната видливост во јавноста, резултатите и влијанието преку надворешни повратни информации.

# ПРИНЦИП 7

**ВРИ известуваат јавно за резултатите од нивните ревизии и заклучоците во врска со целокупните владини активности.**

- ВРИ ги објавуваат јавно заклучоците и препораките што произлегуваат од ревизиите, освен ако истите се сметаат за доверливи со посебни закони и прописи.
- ВРИ известуваат за преземените мерки во врска со нивните препораки.
- ВРИ кои се конституирани како судови известуваат за санкциите и казните кои се изречени на сметководствените службеници или раководството.
- ВРИ, исто така, јавно известуваат за целокупните ревизорски резултати, на пример, за извршувањето на целокупниот државен буџет, финансиската состојба и работење и целокупниот напредок во областа на финансиското управување, и доколку е вклучено во нивната законска рамка, известуваат за професионалните капацитети.
- ВРИ одржуваат силна врска со релевантните парламентарни комитети, со цел да им помогнат подобро да ги разберат ревизорските извештаи и заклучоците, и да преземат соодветни активности.

# ПРИНЦИП 8

**ВРИ навремено и сеопфатно информираат за своите активности и ревизорски резултати преку медиумите, нивните веб страни и на други начини.**

- ВРИ отворено комуницираат со медиумите или другите засегнати страни за своето работење и за ревизорските резултати и се видливи во јавноста.
- ВРИ го поттикнуваат интересот на јавноста и академската заедница за нивните најважни заклучоци.

- Апстракти од ревизорските извештаи и судските пресуди се достапни на еден од официјалните јазици на INTOSAI, покрај јазиците во земјата.
- ВРИ иницираат и спроведуваат ревизии и навремено ги објавуваат релевантните извештаи. Транспарентноста и отчетноста се поголеми доколку ревизорската работа и доставените поврзани информации не се застарени.
- Извештаите на ВРИ се достапни и разбирливи за широката јавност на различни начини (на пр. резимеа, графикони, видео презентации, соопштенија за медиуми).

## ПРИНЦИП 9

**ВРИ користат надворешни и независни совети за унапредување на квалитетот и кредибилитетот на нивната работа.**

- ВРИ ги почитуваат Меѓународните стандарди за ревизија на врховните ревизорски институции и тежнеат кон континуирано учење и користење на насоките или експертизата на надворешни страни.
- ВРИ може да користат надворешна независна проценка за нивното работење и спроведувањето на стандардите. За оваа цел тие можат да користат peer review.
- ВРИ може да користат надворешни експерти за да обезбедат независен, стручен совет, вклучително и за технички прашања поврзани со ревизијата.
- ВРИ јавно ги објавуваат извештаите од извршените peer review-а и независните надворешни проценки.
- ВРИ може да имаат корист од заеднички или паралелни ревизии.
- Со подобрување на квалитетот на својата работа, ВРИ може да придонесат за унапредување на професионалниот капацитет во финансиското управување.